# ШПАНСКА ВОЕНА ХЕРАЛДИКА

*Иван Нацевски*

**ШПАНИЈА** е земја со вековна хералдичка традиција уникатна во многу погледи па затоа и не е за изненадување што токму шпанските вооружани сили, а во прв план шпанската армија, се носители на исклучителни хералдички достигнуања. Грижата за овие достигнувања е во надлежност на Институтот за воена историја и култура (Instituto de Historia y Cultura Militar). Своето потекло Институтот може да го проследи назад до 1810 год. кога за прв пат е формиран шпански воен депозит.[1] Од тогаш па сè до денес основната задача на оваа установа е да сочувува сведоштва за подвизите и трагедиите на шпанската воена историја.[2] Особено важен дел од ваквата задача претставува и проучувањето на постоечките воени грбови, но и создавањето нови такви.



Грб на 20-ти артилериски полк / CoA of the 20th Field Artillery Regiment

Во основа хералдичките ознаки на шпанската армија можат да се поделат во две групи: хералдички грбови и хералдички значки (беџови). Хералдички грб може да има секоја единица на шпанската армија со големина на баталјон или поголема. Грбот претставува комплексно хералдичко достигнување кое раскажува за историјата и достигнувањата на секоја единица носител. Тие можат да се сретнат во две претстави и тоа како мал грб составен само од штит и како голем грб со дополнителни атрибути. Малиот грб својата употреба ја наоѓа на униформите, а големиот грб по правило се користи за поцеремонијални официјални употреби. Големиот грб во основа се состои од штит, атрибути, круна и




Грб на 1 -виот кралски почесен пешадиски полк / CoA of the 1st King's Immemorial Infantry Regiment

# SPANISH MILITARY HERALDRY

*Ivan Nacevski*

**SPAIN** is a country with centuries old heraldic tradition unique in many aspects so it's not a surprise that the Spanish Armed Forces and especially The Spanish Ground Army are armigers of exceptional heraldic achievements. The care for these achievements is in the jurisdiction of the Institute for Military History and Culture (Instituto de Historia y Cultura Militar). The institute can trace its roots back to 1810 when the first Spanish Military Deposit was formed.[1] Ever since this institution has the principle task of conserving evidence of the victories and tragedies in Spanish military history.[2] The study of the existing military Coat of Arms and the creation of new ones is a very important part of that task.

The Spanish military insignias can be basically divided into two major groups: in the first one are the heraldic Coats of Arms and in the second the heraldic badges. Every unit of the army the size of battalion or larger has the right of its own Coat of Arms. The Coats of Arms represent a complex heraldic achievement which depict the history and achievements of each armiger unit. The Coats of Arms can be found in two different versions; such as lesser Coat of Arms comprised of only a shield, and a greater Coat of Arms with additional attributes. The lesser version finds its main use on the military uniforms of the army and the greater version is used in official and ceremonial occasions. The greater version of the Coat of Arms is comprised of a shield, attributes, crown and the name of

име на единицата. Дополнително на него можат да се прикажат и добиени одликувања. Содржината на штитот е разновидна и зависи од видот, родот, службата, историјата или пак локацијата на дадена единица. Па така, грбовите на регионалните команди во себе содржат значаен дел од грбот на местото на нивната постојана дислокација. Делови од месно – хералдички грбови се среќаваат и на други помали единици. Особено интересно е тоа што единиците на шпанскиот легион користат и лични грбови како дел од своето хералдичко достигнување.[3] Сепак, може да се каже дека најголем дел од грбовите содржат воена амблематика.[4] Тука пред сè можат да се набројат разноразни оружја, делови од оклоп, тврдини и фортификациски елементи па дури и современи машини како булдожери, тенкови, радари итн. Животинските мотиви се исто така застапени, но во нешто помал број. И покрај богатството од грбови и длабока традиција, постои еведентна неправилност во поставувањето на поделните симболи на штитот.[5] Ова можеби е резултат на компромисот меѓу традиционалната хералдика од една и воениот прагматизам од друга страна.

Втор неодминлив елемент се атрибутите на грбот. Тие претставуваат штитодржачи преку кои се истакнува припадноста на единицата кон даден род и служба во армијата. Атрибутите се поставени вкрстени зад штитот. Сами по себе тие не се претерано оригинални како решенија. Така, пешадиските единици за атрибут имаат две вкрстени пушки, коњаничките две вкрстени копја со пламенци, артилериските топови, логистичките пушка и факел. Вишите команди имаат две вкрстени генералски палки, а регионалните команди офицерска палка и сабја. Кралската шпанска круна поставена над штитот ја означува државната припадност на армијата и нејзината директна потчинетост на заповедите на шпанскиот крал. Под штитот на лента е испишано името на единицата, а најистакнатите единици кои се стекнале со кри де гер (cri-de-guerre) истиот го



Беџ на шпанската армија / Badge of the Spanish army

the unit armiger. Additionally the Coat of Arms can display received military decorations. The content of the shield is diverse and dependent of the army type, branch, service, history or the location of the unit armiger. So, the Coats of Arms of the regional commands use an important part of the civic Arms of the place of their permanent dislocation. Parts of civic Coats of Arms can be found on the Arms of other smaller units too. What is more interesting is that the units of the Spanish Legion use personal Coat of Arms as part of their own heraldic achievements.[3] However, it's easily said that the majority of Coats of Arms contain military charges.[4] Primarily this includes different types of Arms, parts of armor, castles and fortification elements even modern contemporary machines like bulldozers, tanks, radars and etc. Animal charges are also present but in some what lesser numbers. Despite the great number of Coats of Arms there is an evident misplacement of the separate charges on the shield.[5] This malpractice may be the result of the compromise between traditional heraldry on one hand and military pragmatism on the other.

A second, unavoidable part of the Coats of Arms are their attributes. They are supporters that highlight the affiliation of a certain unit to a particular branch or service of the army. They are displayed in a saltire behind the shield. The attributes are not very original in terms of graphical solutions. So, the infantry units have two rifles for attributes, the cavalry units two lances with guidons, the artillery two cannons, the logistic units a rifle and a torch. The army headquarters have two Spanish captain general's baton and the regional commands have an officers baton and sabre. The Spanish royal crown is placed on the shield and it represents the status of the army as a state body and its direct subordination to command of the Spanish King. Below the shield the name of the unit is displayed on a scroll and the units that have earned the right of cri-de-guerre display it on another scroll below the name.[6] Additionally on the flanks of

истакнуваат над името на единицата.[6] Дополнително од страните на штитот на ленти единиците можат да ги истакнуваат мисиите и операциите во кои учествувале.

Одликувањата кои ги добила единицата исто така се прикажуваат на грбот и тоа во неговото подножје. Ордените се прикажуваат преку орденските ленти, а медалите се прикажуваат во целост. Доколку единицата е носител на највисокото воено одликување т.н. лауреада, тогаш истото се претставува околу штитот како ловоров венец со четири сечива од мечеви.[7]

Хералдичките значки (беџови) на шпанската армија можат да се групираат во неколку групи. Беџот на армијата претставува златен орел во приказ кој на градите има црвен јаковин крст, а над главата шпанска царска круна. Орелот, инаку симбол на апостол Јован, е присутен во шпанската хералдика уште од вермето на кралицата Изабела I и кралот Фернандо II, а до 1981 год. е дел и од шпанскиот државен грб. Овој беџ се истакнува на шапките носени од шпанската армија. Најголема група меѓу беџовите се значките за припадност кон армиски род или служба. Тие се истакнуваат на реверите од палтата и кошулите на униформите. Она што нив ги прави интересни е тоа што тие претставуваат класични хералдички беџови со класични хералдички симболи т.е се чувствува отсуство на современи симболи како антени, тенкови, ракети и др. Така на пример беџот на шпанскиот легион содржи вкрстени мускет, самострел и бојна секира, а врз нив е поставена шпанската кралска круна. Коњаницата пак, за беџ има вкрстени копја со пламенци, меѓу нив вкрстени сабји, а над сето тоа шпанска царска круна.

Сегашната состојба со знамињата во шпанската армија не е толку разнообразна како со грбовите и беџовите. Од историска перспектива шпанската армија располагала со повеќе видови знамиња. Поточно, секој полк имал три знамиња: една коронела и две сенсиљи.[8] Но, со во-



**Беџ на шпанскиот легион / Badge of the Spanish legion**

the shield on smaller scrolls the wars, missions and operations that the unit has been a part of can be displayed.

The orders and medals that the unit has been decorated with are displayed right below the Arms shield. The orders are represented by their ribbon and the medals are displayed in their whole appearance. If the unit I decorated with the highest military decoration the "laureada" than the latter is represented as a laurel wreath with four blades of sword.[7]

The heraldic badges of the Spanish Ground Army can be divided into several groups. The badge of the Army represents a golden eagle displayed with a red St. James Cross on its chests and a Spanish Royal Crown over the head. The eagle, otherwise a symbol of St. John The Evangelist is a constant part of Spanish heraldry since the rule of the Isabella Catholic Queen and Ferdinand the Catholic King and as such is part of the Spanish Coat of Arms until the 1981 when it was removed. The badge is worn on the headgear of the Spanish Ground Army. The biggest group among the badges is the one that represent the affiliation to an army branch or service. They are worn on the collar of the coats and shirts of the army uniforms. What makes this group of badges especially interesting is the fact that they are composed of purely heraldic symbols or simply said there's evident absence of modern contemporary symbols like radars, tanks, rockets and etc. For example the badge of the Spanish Legion is made of crossed musket, crossbow and halberd axe with the Spanish royal crown placed on them. The Calvary on the other hand has two crossed lances with guidons and two crossed sables between the lances and the Spanish royal crown above it all for a badge.

The present day situation with the flags in the Spanish Ground Army is not as versatile as the one with the Coats of Arms and badges. From a historical perspective the Spanish army had several flags in use. More accurately,

ведувањето на денешното знаме како национално во 1843 год. единиците се обврзани да го користат како свое воено знаме.[9] Имено, денес полковите, бригадите, независните баталјони на шпанската армија за знаме го користат државното кое на себе го носи државниот грб, а околу грбот со црни букви е испишано името на едницата. Ако ова знаме е со димензии 147.5 цм на 120 цм се работи за бајрак на единицата, а ако е со сооднос 1:1 и промер 56 цм се работи за стег на единицата.[10] Сепак, одредени единици на армијата во определени церемонијални пригоди сè уште истакнуваат историски знамиња. Таков е случајот со Прастариот пешадиски полк на кралот број 1 (Regimiento de Infantería Inmemorial del Rey n.º1).

Помалите едници кои се во состав на горесспоменатите користат знамиња за свое означување и тоа најразлични пламенци.[11] Овие знамиња се од понизок ранг и на нив не се истачкнуваат одликувања, но тие задржале извесен дел од содржините на историските шпански воени знамиња што ги прави особено интересни.

Сè на сè шпанската воено – хералдичка пракса и многувековно искуство се исклучителен позитивен пример за тоа како се негува воената традиција и слава. Останува само да се надеваме дека и нашата армија ќе смогне сили и ќе се угледа на овој светол пример, па конечно ќе се воведе логика и ред во хаосот на нашите воени ознаки. ■



Беџ на шпанската коњаница / Badge of the cavalry of the Spanish army




Знаме на пешадиска единица / Flag of an infantry unit

each regiment had three flag; one called "coronela" and two other - "sencillas".[8] But with the introduction of the present day flag as national in 1843, all military units were obligated to use it as military flag of their own.[9] Namely, today the regiments, brigades and the independent battalions of the Spanish army use the state national flag which displays the Spanish national Coat of Arms with the name of the unit written around it. If the dimensions of this flag are 147.5 cm by 120 cm it is considered for a standard of the unit. But if it is with a proportion of 1:1 and dimensions of 56 cm it's considered for a banner of the unit.[10] Nevertheless, separate units of the army in different ceremonial and official occasions still display historical flags. Such is the example of the 1st King's Immemorial Infantry Regiment (Regimiento de Infantería Inmemorial Del Rey n.º1).

The smaller units which are part of bigger ones use different guidons and pennons for their own purposes.[11] These flags are of a lesser grade and rank and they cannot be decorated with honor streamers. But they have retained features from the older historical flags which makes them especially interesting.

All in all the Spanish military heraldic praxis and centuries long experience are an exceptionally positive example for the right way to care and nurse military tradition and glory. We can only hope that our own army will find the strength and will emulate this fine example and by doing so bring logic order in the chaos of our military insignia. ■

**НАВОДИ • ENDNOTES**

[1] http://www.ejercito.mde.es/unidades/Madrid/ihycm/Organizacion/organizacion.html
[2] ibidem…
[3] Стивен Слейтер, Геральдика. Иллюстрированная энциклопедия, 2005, стр. 163
[4] Vicente de Cadenas y Vicent Fundamentos de heráldica:(ciencia del blasón), Madrid, 1994,
[5] Ibidem…
[6] Слейтер, Геральдика, стр. 163
[7] ibidem…
[8] http://www.ejercito.mde.es/unidades/Madrid/ihycm/Actividades/Ciclos/Divulgativos/vexi-historia-bandera.html
[9] ibidem…
[10] http://www.armada.mde.es/ArmadaPortal/page/Portal/ArmadaEspannola/conocenos_historia/prefLang_en/03_bandera_armada--14_miscelania#banderaFAS
[11] http://www.ejercito.mde.es/unidades/Madrid/ihycm/Actividades/Ciclos/Divulgativos/vexi-historia-bandera.html